**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јанаќе Витаноски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Ангелка-Пеева Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Аднан Ќахил, Марјан Ѓорчев, Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Во меѓувреме има најава за потпретседателот Гзим Острени дека најавил отсуство.

Со оглед на тоа што треба да преминеме на гласање во однос на амандманот, а досега се пријавени 34 пратеници дека пристигнале, давам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,37 часот).

Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

До сега има потпишано дека се присутни 68 пратеници. Бидејќи треба да поминеме директно на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам, службите да го утврди точниот број на присутни пратеници.

(Служите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на членот 353 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеници. Од нив гласале 56, од кои што 8 за амандманот, нема воздржани 48 против.

Коностатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 353 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го молам министерот за правда госпоа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска да се произнесе.

Повелете госпоѓо министерке

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:**Благодрам потпретседтеле,

Значи, на почеток сакам да појаснам што предлагам со овој амандман.

Барам членот 353 ставот 1 да се менува и да гласи вака значи: “Службеното лице кое со искористување на својата положба и овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност, со противзаконско дејствие кое е уредено со посебен закон, ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета ќе се казни со казна затвор од 6 месеци до 3 години”.

Јас, навистина не можам да ја разберам причината или мотивот поради кој Министерството за правда не го прифати овој амандман и тоа од следниве причини.

Врз основа на претходно изгласаниот Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик, претседателот на Република Македонија не го потпиша указо, тој се враќа во Собранието, меѓутоа и процедурата тука не е запазена, со оглед на тоа што тој се враќа во интегрален текст, а не она што ни го сега нуди Владата. Но, нејсе, претседателот достави мислење во кое вели дека ќе цитирам “имено со членот 15 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се менува битието на кривичното дело, злоупотреба на службената положба и овластување и се стеснува неговиот обем, со што се декриминализира еден од облиците на ова кривично дело, а тоа искористување на службената положба и овластување”.

Е, сега, јас во мојот амандман го имам вкорпорирано она што Претседателот во неговото мислење го кажува и бара во ова кривично дело, значи во одредбата 353 став 1 да стои и искористување на службената положба и овластување. Тоа стои во овој мој амандман.

И навистина, не гледам која е логиката Владата да не го прифати амандманот со тоа индиректно, не го прифаќа и она што го дал Претседателот на државата во мислењето доставено до претседателот на Собранието и со тоа дистрибуирано на сите наши пратеници.

Но, јас ќе се задржам накратко на она мислење кое го даде претседателот на државата, кое се однесува на она што е вметнато во овој мој амандман, а тоа е искористување на својата положба и овластување.

Имено, Петседателот овде вели дека овој облик на злоупотреба на службената положба најчесто може да се изврши со користење на таканаречените дискрециони овластувања и во случаите кога службеното лице има дискреционо овластување да ја цени целисходноста на еден акт, и врз основа на тоа овластувње што го има, а кое јас барам да се санкционира во овој мој амандман, да донесе конкретна одлука и при донесувањето на одлуката да се раководи со интересите на службата, а не со други интереси или мотиви.

Значи се јавуваат две дилеми во она што јас го вметнувам во амандманот, искористување на службената положба и овластување, а тоа е дискреционите овластувања, кои претставуваат извор како што вели Претседателот на државата, на корупција од страна на службените лица.

Да ве потсетам дека дискреционите овластувања извираат од подзаконски акти. Во една правна држава постои Устав, постои закон, постојат меѓународни конвенции ратификувани од страна на највисокиот законодавен дом, но има и подзаконски акт. Самото име подзаконски акт значи дека со тој акт се доуредува она што законодавецот сакал или му била интенцијата при донесување на определен закон,што значи дека подзаконските акти му доаѓаат како помошни механизми на законот за да можат тие да профункционираат во пракса и тој исти закон да се оперционализира во пракса. И сега врз основа на тие подзаконски акти на министрите во Владата им се даваат дискрециони овластувања.

Ние во самите закони  велиме, министерот за труд и социјална политика е надлежен во рок од шест месеци да донесе подзаконски акти, во кои па тој се овластува да направи тој правилник, да направи тој критериум и така натаму и така натаму.

И сега, дискреционите овластувања претставуваат извор, како што вели и Претседателот на државата, а го велам и јас тоа, значи извор на корупција од страна на службените лица. И цело време Претседателот се повикува во неговото мислење дека е токму искористувањето на службената положб и овластување е нешто што треба да постои во 353 став 1, така како што јас го предлагам. Со тоа што ние со посебни закони, со посебен закон во определени области бараме да се знае границата. Значи тоа е веќе втората дилема која се надоврзува на првата дилема.

Во определени судски постапки кога некое лице е обвинето за кривично дело 353 став 1, судијата треба да цени, е тоа лице нека бидам јас, значи Марија Којзеклиска е обвинета за злоупотреба на службената положба и овластување, доаѓа на суд и си тече постапката. Судијата во текот на судската постапка треба прво да утврди до каде биле границите на Марија Којзеклиска, како службено лице во кое таа ја користела својата службена положба и овластување за интересите на службата и каде започнува границата, кога Марија Којзеклиска почнала да ја злоупотребува или да ја искористува својата службена положба и овластување.

Заради таквата широка можност да се искористува, јас велам да се искористува ова кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, без да се знае службение лица, согласно посебен закон да имаат надлежности 20, 50, 100 надлежности и да се знае дека тие во рамките на тие надлежности ја користат службената положба и овластување во интерес на службата. Се она што нема да биде наведено во законот, или надвор од законот од тие 50 точки или 20 точки, веќе логички ќе претставува искористување, или злоупотреба на службената положба и овластување и тоа, тогаш многу полесно ќе им биде на судиите да го користат ова кривично дело, злоупотреба на службената положба и овластување, кога тоа во посебни закони ќе биде уредено.

А, факт е почитувани колеги, колку и да негирате, дека во овие последни четири години, значи од 15 септември 2002 година или поточно од конституирање на Владата од 3 октомври 2002 година, ние бевме сведоци на злоупотреба на кривичното дело злоупотреба  на службена положба и овлстување од страна на владеачката структура. И, затоа велиме, со право, дека селективно се користат или селективно се злоупотребува спрема поединци ова кривично дело, токму заради таквате негова широка или преширока формулација.

Ако се сеќавате, кога едно време експертите, пред не така долго време, пред година дена, правните експерти и Владата почнаа да се расправаат дека дискреционите овластувања се доста широки на министрите во постојната Влада,срипаа сите министри, очите ќе му ги ископаа на премињерот. Многу се слатки тие дискрециони овлстувања, верувајте. Тоа траеше така едно недела дена, две недели, експертите велеа ќе правиме вака, ќе ги скратуваме, ќе ги ограничуваме, ќе ги намалуваме, додека најверојатно некој на некоја седница на Влада, значи министрите успеале да издејствуваат, или биле премногу нападни, за да премиерот се повлече и рече ништо нема од тоа. Ништо ние не видовме барем, дека желбата за намалување на тие дискрециони овластувања, кои се основ за ова кривично дело, ништо не видовме да се заврши нели целата постапка, остана така, како што реков очите ќе  му ги извадеа на премиерот и многу биле, дефинитивно слатки тие дискрециони овластувања.

Значи да резимирам. Јас не се сложувам со она што го вели Претседателот на државата дека вратата на корупцијата е отворена, се отвора вратата. Кај нас вратата на корупцијата е откорната, не е отворена, не ќе се отвори, откорната е од нејзиното лежиште. И сега, ние продолжуваме со ова кривично дело,со овој

рецидив, како што зборував за амандманот на колегата Жарко Караџоски, на претходниот амандман, на овој рецидив, на еден минат систем и понатаму во иднина да го форсираме ова кривично дело, затоа што ни е најлесно за докажување, затоа што е така општо формулирано, а никој не се зафаќа да покрене обвинителен акт за давање поткуп, примање поткуп, фалсификување на исправа и другите уште десет кривични дела кои постојат во оваа глава, кривични дела против службената должност.

Јас, уште еднаш не можам, не ја сфаќам, или можеби има некоја скриена намера да се продолжи со искористувањето и злоупотребата на ова кривично дело 353 од страна на било која идна владеачка структура, затоа што ние не видовме и до сега дека нешто се направи во таа декларативна борба против корупцијата, иако сите меѓународни институции и целата меѓународна заедница вели дека во Република Македонија посебно последниве две години сме на последно место во борба против корупцијата, сите извештаи тоа имено го велат, можеби ова ќе биде еден начин, до колку колегите го усвојат амандманот, можеби ќе биде еден начин нешто да почне да профункционира, некој да може да си го замара мозокот, со тоа да го уврди под точки, каде и кое службено лице какви надлежности има, за да верувајте и на судиите им биде полесно и на Обвинителството им биде полесно и да може побрзо да завршат тие судски постапки, за да имаме ефикасност во правосудниот систем и да профункционираат на крајот на краиштата сите оние реформи за кој го менувавме и Уставот на Република Македонија.

Видовме дека со злоупотреба на службена положба и овластување не постигнавме никаков ефект, не се изборивме со корупцијата, ако продолжи вака ни нема да се избориме во иднина. Можеби тоа е и намерата, да не се ни бориме, да си тапкаме така во место. Но да пробаме со нешто друго како што вели претседателот на Собрание примерот на обид и грешка. Еве се обидовме со ваквото кривично дело да санкционираме.

Досега, од независноста на Република Македонија, не успеавме, корупцијата и натаму си ја има, организираниот криминал и понатаму си цути, ајде да пробаме со нешто друго. Мислам дека не е ништо страшно ако во посебни закони се она што е наведено во амандманот биде крајно, прецизно утврдено и да се знае на службеното лице кои му е овластувањата, се она што е надвор од тоа веќе претставува искористување, злоупреба или неизвршување на неговата службена положба.

И затоа апелирам, до колегите пратеници до колку ме слушаат ова мое обрзлагање, да го поддржат аманманот да почнеме нели веќе, да почнеме ама сериозно да се бориме против корупцијата што владее во Република Македонијам и да не бидеме веќе на последно место, бидејќи се срамам од тие извештаи. Верувајте на претпоследно или последно место сме во борбата против корупцијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, еве на една од последните седници се расправа за еден закон или дел од тој закон, еден член 353, кој што треба да се промени и кој крена толкава бура во македонската јавност, како со ова да се менува се, да се ослободува криминалот, или незнам што ќе се постигне со примената на членот 353. Јас мислам дека самиот закон и промените во овој закон донесени некаде на крајот на 1998 година, по владеењето повторно на СДСМ во тие четири години без опозиција, кога се направи целокупната приватизација во Република Македонија, се дојде во ситуација 1998 година да се воведе ова како дело службено искористување на правата и токму поради тоа на својата службена положба и овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување и со неизвршување на својата службена должност да прибави корист за себе, или за некој друг. Значи, за тие четири години кога се приватизира 90% од вкупниот имот на Република Македонија, апсолутно немше службени искористувања на овој процес, освен што постигнавме да имаме во моментот една олигархија која што ги има сите тие средства кои припаѓаат на граѓаните на Република Македонија. Тоа сигурно не спаѓа во ова дело искористување на службената положба, затоа што некој им даде, тие зедоа и сега е се во ред и останува да гледаме во овие четири години од 2002 до 2006 година се случува нешто што и во најлошите сонови не можеше да се претпостави дека може да биде. Значи, еден линч на луѓе кои што имаат вина или немаат вина, но начинот н а кој што се поставува и начинот на кои што поминуваат овие четири години мислам дека е една многу лоша предваријанта и предуслов како понатаму ќе се одвиваат сите политички процеси во Република Македонија.

Зошто говорам политички? Затоа што ова многу малку има врска со правото. Мене ми е многу жал и тука е министерката за правда, но од 2002 до 2006 година под овој поим, под ова дело злоупотреба на службена должност, имате ситуации во кои што луѓе кои што биле на некоја службена положба, поради тоа што дале една вечера, биле доведени во состојба, им било предвидено таа вечера да изнесува 10 илјади, тие финансирале некое културно уметничко друштво, каде што дале наместо 10, 13 илјади, да има пред неговиот дом две полициски комбиња, со стражи, приведување и правење циркуси, кои што никогаш никој нема да ги заборави. Самиот закон потекнува од едно време од 1945 година, која знаеме како заврши. Знаеме што се се случи,

знаеме што беше и службена должност и што беше злоупотреба и што се се случуваше во тие 50 години. Сега, си дозволуваме повторно да правиме вакви ситуации од кои се надевам дека многу брзо некој што сега е позиција, некој што сега гледа многу одозгора, не ќе може да види некои работи, а многу брзо ќе бара овој член не само да се промени, туку и да се избрише. Но, мислам дека времето и ова што го работите ќе биде доцна, затоа што и ВРМО Народна и овој предлог на нашите пратеници и како партија мислам доаѓа во времето кога сме во предизборие, мислам дека се договараше некаде септември 2005 година и беше поднесен и велам дека мораше да се најде доблест во интерес на сите, во интерес на вистината, во интерес на она што ќе следи во демократските процеси на Република Македонија да се дефинираат, да му олесниме на Министерството за правда, сегашното и идното, да има јасна ситуација и слика што треба да се санкционира, до каде се правата, каде има пречекорување и кои се тие пречекорувања. Во овој стил, како што вака е напишано имате од две ситуации од Кривичниот законик на СФРЈ да направиме еден многу лош член кој што е поставен вака како што е поставен и имаме ситуација кога години наназад врз основа на непријателска пропаганда, дали сте зборнале на улица, дали некој ве слушнал преку ѕидот дома, или незнам што се случило да имате кривични пријави, да имате гонење и се направија илјадници и илјадници досиеја во Министерството за внатрешни работи, само поради еден член од некој закон што значеше непријателска пропаганда.

Имаме ситуација во која што четири години и претседателот на државата господинот Бранко Црвенковски, праќајќи го ова до претседателот на Собранието и до сите пратеници на Република Македонија кажува дека овој облик на злоупотреба најчесто може да се изврши со користење на тн., дискрециони овластувања.

Господа, ние сме опозиција овде во овој Парламент, нашите дискрециони овластувања се никакви. Ако некој сакаше да спасува, ако некој сакаше да поништува некој закон и да пави не знам какви дилови, тоа ќе се случуваше 2002 - 2003 година. Сега сме 2006 година. Оваа власт кажа и докажа што може, како може и колку може. Тоа го гледаат граѓаните на Република Македонија и тука апсолутно не можеме ни да додадеме ни да одземеме. Без ниедна запирка, без ни една точка. Но, што ќе се случува понатаму. Ако ова вака се толкува и понатаму, дискреционите права во овие четири години ги имаше Владата на Република Македонија на господинот Бранко Црвенковски, Владата на господинот Хари Костов и Владата на господинот Владо Бучковски. Сега господа, во овие ситуации кога еден премиер заминува и кажува дека заминува поради корупција, не знам што утре како судовите ќе реагираат на злоупотреба на службената должност. Или во овие четири години Министерството за правда и органите за прогонот, не најдоа апсолутно, никакво коруптивно дејство или злоупотреба на службена должност и покрај некои пирамидални штедилници од 140 милиони, кои што еве некои службеници пишуваат фактури, да бидат виновни.

Мислам дека ако имаме закон, ако Законот сакаме да го спроведеме, ако имаме нешто за кое што сите сакаме да биде регуларно и она што важи за мене да важи за секој во оваа држава, тогаш ова е апсолутна злоупотреба. Во овие четири години се покажа дека некој максимално ја напрви таа злоупотреба. Што ќе се случува наредните четири години, Господ е голем, тој ќе види и ќе каже. Но, мислам ако продолжиме на ваков начин, ако продолжиме само со политички реваншизам, наредните четири години, ќе ги бараме четирите години кои што поминаа и сите оние што треба да одговараат за службена злоупотреба, нема да стигнеме никаде. Не до Европа, до Африка нема да не примат. Затоа што вие во овие четири години расправавте 1998-2002, во 2002 македонскиот народ кажа. 2006 повторно ќе каже. Немојте да мислите дека некој заборава што се се правело во овие четири години. Апсолутно, не. Јас сега ако земам да ве потсетувам на се што мирисаше на корупција, или се што се направи и е направено, тогаш ќе биде многу страшно. Не би сакал да ја злоупотребувам говорницата, затоа што сме веќе предизборие, има време, ќе го кажеме тоа на митинзите, овде мислам дека не е местото. Целта за која што излегов е да кажам дека после четири години ВРМО Народна се јавува и бара овој член, бара од сите пратеници и од позицијата и од опозицијата. Се работи за достоинството на луѓето кои што ги третираа во овие четири години. Се работи за достоинството на останатите граѓани кои што понатаму ќе бидат третирани. Мислам дека политички реваншизам со правни закони, а со овој член 353, вака како што е напишан, вака како што функционира, не претседателот на државата, тој не може да се изземе, затоа што беше премиер на оваа Влада. Тој може да пишува што сака и како сака. Неговото пишување, практиката покажа дека дискреционите овластувања се најпогодно тло за криминал и корупција. При нивното користење службените лица не смеат да тргнуваат од лични мотиви и интереси, ако веќе одредени облици на дискрециони овластувања мора да постојат, тогаш тие треба да се користат совесно и во интерес на службата. Многу убаво напишано, но за жал, кога ќе се вратиме на делата ќе видиме дека, можеби некој мисли дека убаво ги неправил некои работи, но тука завршуваат дискреционите права. Тука почнува нешто друго и тука почнува злоупотребата. Сега, некое друго министерство за правда или некоја друга министерка или министер ќе биде во ситуација повторно да бара овој член 353 да биде изменет или променет. Затоа, можноста е сега да се изгласа овој член 353 во кој се земени предвид сите искористувања и

злоупотреби и да го изгласаме и да не оставаме можност за било што понатаму. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор министерот за правда госпоѓата Мери Малденовска-Ѓорѓиевска, имате реплика или дисккусија? (Реплика)

Три минути реплика за министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Се јавив само за да појаснам дека Министерството за правда не е ниту орган кој открива, ниту орган што гони сторители на кривични дела, туку е орган на државната управа што ги изготвува законите од сферата на судството. Бидејќи она што пратеникот го спомна беше во друг контекст. Значи, Министерството за правда е различно и од обвинителството и од органите што откриваат сторители на кривично дело и од судовите што пресудуваат.

**Слободан Најдовски:** Има збор една минута контрареплика пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас се согласувам со вас госпоѓо министерке, но има еден друг проблем. Во овие четири години Министерството за правда е тоа што е должно и надлежно да ги завршеше овие случаи. Но од тоа што се води под членонт 353 незнам дали имате информација колку такви пријави поднесени до вас како Министерство за правда и до судовите во Република Македонија се поднесени и колу од нив се решени. Тоа ќе биде една сатисфакција за граѓаните на Република Македонија да видат дека не се зборува се на празно. Мислам дека таа информација им ја должиме на граѓаните.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Мило ми е што се согласувате во однос на надлежностите, а и без тоа надлежностите на органите се напишани во закон. Значи, Министерството за правда не е одговорно за водење на постапки и за пресудување, ниту за евиденција, за предмети што се водат во судството. Но, затоа Министерството за правда со цел да направи реформи и да ги отстрани сите оние проблеми што во пракса доведуваат до долготраење на постапките, презема реформски процеси за 17 месеци овде во Парламентот се донесени 34 закони и уставни измени кои треба да овозможат поефикасно работење од страна на судската власт. Ние сме надлежни за изготвување на закони, ги исполнивме нашите обврски и за да може навистина да се одговори на ова прашање, за да постигнеме ефикасно судство, судската власт треба да даде свој придонес. А тоа е заеднички интерес.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, навистина денеска не чувствував некоја потреба да зборувам за овој амандман на колешката Којзеклиска, но некако расправата започна и мислам дека е потребно уште некое дообјаснување.

Почитуваната министерка сега нешто искажа дека Министерството за правда колку е виновно и колку не е, и колку е одговорно за некои работи, реплицирајќи му на господинот Спиро Мавровски. Јас сакам да ја потсетам и неа како министерка и сите пратеници кои што сме овде присутни. Можеби не директно Министерството за правда, но Владата на Република Македонија е особено виновно што денеска на 12 јуни имаме седница по која расправаме за Кривичниот законик, за измени на Кривичниот законик. Да потсетам, одредбите на измените на овој Кривичен законик се однесуваат токму на изборното законодавство. Треба ли да ве потсетам и вас и сите пратеници и министерката за правда дека повеќе од месец дена поминаа од кога го донесовме изборниот законик. Треба ли да потсетам дека на таа седница имаше и други закони кој го пропратуваат редоследот на логичка поврзаност на изборното законодавство, такво какво што го донесовме со оваа материја.

Сега се поставува прашањето зошто ние денеска расправаме за Кривичниот законик. Зошто не го решивме тогаш, зошто не одлучивме тогаш. Зошто на неколку наврати по предлог на Владата, Владата побара точките меѓу кои Кривичниот законик да бидат ставени последни. Па да не се закажува седница, па да дојде нова седница и дури денеска на 12 јуни да собереме храброст во цајтнут на редовните парламентарни избори ние да одлу!уваме за Кривичниот законик. Зошто е тоа така? Да бидеме искрени и да признаеме. Еве пред цела македонска јавност, затоа што ниту Владата, ниту пратеничките групи на опозицијата, значи сите, не знаат како да се однесуваат по овој амандман кој што го поднесовме. А тоа само потврдува дека амандманот држи вода, пие вода. Меѓутоа, јас ги сфаќам патениците на позицијата. Не знаат кутрите кому да му угодат. Дали на Бучковски, дали на Црвенковски. Дали да ја слушаат Владата, дали да се слушаат патениците сами меѓу себе, дали да го слушаат Црвенковски. Како тргна, очигледно, се слуша само претседателот на државата и ние на мала врата воведовме претседателски систем во Република Македонија. Еве, понудивме амандман кој во петокот мојот амандман го дискутиравме онаков каков што беше и истиот амандман кој што Парламентарното мнозинство, да не речам Собранието на Република Македонија еднаш го изгласа. Тогаш не му најде мана. Миту сега му најде мана. Гледам дека ниеден патеник не сака да зборува. Денеска изигруваат риби. Подобро да се молчи, отколку да се каже. Значи не му се најде мана. Не му најде ни Владата на Република Македонија мана, кога тој амандман стана составен дел на Кривичниот законик. Се најде

јунакот во Република Македонија господинот Црвенковски, кој во многу наврати знае да не потпише указ и тоа иако се однесува на пратениците, иако претходно им вети на пратениците, направите го тој закон, јас ќе го потпишам, па откога го направија пратениците, тој се направи јунак. Изигрува единствен кој што во оваа држава разбира закони и право. Сите ние овде ништо не разбираме. Или им става лизгалици на пратеничката група, сега некој да се чувствува повреден во суетите. На што личиме ние пратениците овде. Еве сега беше гласањето по мојот амандман и не можам навистина да ги разберам пратениците на позицијата. Како може истиот тој амандман да се гласа со 62 гласа за, 5 против. А сега се гласа со 48 гласа против. Толку ли господинот Црвенковски има влијание врз овие луѓе. Дајте да слушнеме аргументи. Министерката само се обиде нешто да каже бидејќи се спомна Министерството за правда во делот на надлежностите. Не ја слушнав со три збора да даде аргументација дали ваквиот текст на овој амандман не е добар и зошто не е добар. Господинот претседател на држава, барем ни напиша писмо во кое што ни кажа зошто не е добар. А не бил добар, затоа што сме укинувале одредени инкриминации кои што се однесуваат на некои елементи на кривичното дело злоупотреба на службената должност. Еве го послушавме господинот Црвенковски, да бидеме и ние лојални како и вие. Еве поднесовме амандман така како што сака господинот Црвенковски и така не чини. Што е амандманот кој што колешката Којзеклиска го нуди. Истиот текст на законот, само што се додава една реченица, а тоа е со противзаконско дејствие кое што е уредено со посебен закон. Што е проблемот и во што е опасноста да биде одредено против законско дејствие утврдено во посебен закон. Што е проблемот? Малку ли ова Собрание во овие 137 седници од овој мандат донесе закони. Што е страшно да се донесе закон во кој што ќе се утврди кое дејствие е кривично дело по основ на злоупотреба на службена должност. Ништо. Јасно се укажува, јасно се зборува дека на тој начин се прецизира одредбата.

Сакам да кажам за цела македонска јавност да и биде јасно. Секој ден кога се дава извештај од Собраниската седница на која што се наоѓа овој закон, секој ден се кажуваат шпекулации и дезинформации. Те амандманот на ВМРО - Народна со кој што се ублажува кривичното дело злоупотреба на службена должност, те амандманот со кој што се намалуваат казните по тој основ, те амандманот со кој што некој ќесе амнестира и така натаму.

Колку пати треба  да кажеме дека апсолутно не е тоа точно. Ниту се намалува казната бидејки и во Кривичниот законик и во амандманот е истата казна, казна затвор од 6 месеци до 3 години. Да напишевме од најмалку 5 години, истото ќе кажувавте дека некого амнестираме или некому ублажуваме казна. Во што јавноста, или оние кои од овде информираат, она што се случува во Собранието, гледаат олеснување во овој дел. Во што?

Еве, јас ќе се потрудам да објаснам да слушне македонската јавност, ако веќе средствата за информирање не пренесуваат објективно, барем нека ја гледаат оваа седница, за да знаат дек аона што сега го зборувам е така како што зборувам.

Кривичното дело злоупотреба на службена должност и понатаму останува со овој амандман. И понатаму ги задржува сите елементи на кривично дело, а јас ќе ги набројам:

Првиот е искористување на службена положба и искористување;

Вториот е пречекорување на границите на своето службено овластување;

Третиот е неизвршување на својата службена должност.

Тоа се елементи врз основа на кои еден од нив, одредено лице може да биде гонето. Но, сами по себе не се кривично дело. Сами по себе ниту може да бидат кривично дело. Треба да се прибави за себе или за друг некаква корист или на друг да се нанесе некаква штета и тогаш, до колку тоа се докаже така ќе биде некој казнет со затвор од 6 месеци до 3 години.

Да, ова е одредбата што и сега е во сила во Кривичниот законик. Меѓутоа, вака кажано, дали забележувате колку е широка и колку е опширна? Каде ќе утврдиме во што е, зборуваше колешката, која е границата на дозволено искористување и која е границата на недозволено искористување на службената положба и овластување? Од каде? Врз основа на што тоа ќе го утврдиме?

Знаете што кажува праксата? Праксата кажува дека тоа се утврдува врз основа на некакви подзаконски акти. Одлуки на Влада, правилници, статути и што ти јас знам. Тоа е преголема лепеза. Прешироока. Секој во оваа држава можете да го гоните по ова кривично дело.

Затоа ние во нашиот амандман велиме не врз основа на подзаконски акти, туку врз основа на законски решенија што ќе се утврдат во посебен закон. Тоа не значи дека посебниот закон го исклучува Кривичниот законик. Кривичниот е лекс специјалис. Не можете да го исклучите. Значи, сето она што е предвидено во Кривичниот законик важи за ова дело и плус оние одредби што ќе бидат предвидени во посебните закони. И, не можам да разберам зошто за Владата ова е неприфатливо. Не можам, затоа што премиерот 5 пати дава различни изјави. Од тие 5 различни 4 даде во промоција на амандманите. Не на овие, туку на мојот. Еднаш вели добар е амандманот, друг пат вели ништо не се крати, трет пат вели никој не се амнестира, за да четврти пат вели нема да го прифатиме. И, како претседател на СДС да даде овде наредба на пратениците сега да изигрworld, не знам веќе што да изигрувам. Ајде да не речам поинаку.

Јас, како пратеник и сите ние како пратеници, ако сме избрани од народот, од граѓаните на Република Македонија, така како што сме избрани, прво што треба да научиме, прва лекција што треба да ја научиме, ако еднаш сме гласале за нешто, треба да бидеме принципиелни до крај и да останеме на тоа. На што личи ова, денеска гласам за, утре гласам против. Кој е аргументот за тоа, поима немам. Ги слушав изјавите кога даваа некои пратеници. Дури велеа - Јас не знам ни за што гласам. Замислете ја трагедијата. Дошол пратеник, се потпишал овде, слушал овде што се зборува, не знае за што гласал. Тоа е трагедија. И, овој народ, иститe такви ќе ги гласа. Не е ни чудо. Ќе ги гласа, за жал.

Еве, не знам колку пати зборувавме за оваа материја и повторно, сигурен сум кога ќе излеземе од оваа сала надвор, кога ќе ги слушнеме првите информации од средствата за информирање, истото ќе се оквалификува ВМРО-Народна партија бара ублажување на казната злоупотреба на службена должност. Дали некој во оваа Република Македонија се запрашал дека огромен број на случаи под ова кривично дело, Јавното обвинителство ги третира исклучиво под ова кривично дело.

Зошто тоа го прави? Така му е најлесно. Зошто да се заморува, да докажува фалсификување на исправа? Зошто да се заморува да докажува проневера и т.н.? Има еден куп кривични дела поврзани со корупцијата и т.н.

Друго да ви кажам, некој, еве Претседателот на државата, во својот допис вели дека до колку се избрише реченицата “искористување на службена положба и овластување” ќе се зголеми корупцијата. Па еве, до сега стоеше, не е сменет Кривичниот закони. Зошто се зголемила корупцијата во Македонија кога и така го имаме кривичното дело? И, не само тоа, имаме еден куп. Па дури и Закон за корупција и т.н. Зошто се зголемува корупцијата во Република Македонија? Зошто? Затоа што некој не знае да се справи, затоа што некој не знае да ги примени одредбите, затоа што на Јавното обвинителство му е најлесно, квалификувајте некое дело како злоупотреба на службена должност, шетајте го човекот низ улици, осудете го уште неосуден за да на крајот стојат во фиоки години и години без ниту една правосилна пресуда. Ниту една.

Или, да се пресметуваме со политичките противници, да правиме реваншизам. Да применуваме право селективно, како нам ни чини. Ако е Црвенковски премиер ќе гони едни, ако е Хари Костов други, ако е трет, трети. Тоа е тоа. Да заплашуваме народ и т.н. и т.н. Заради тоа стои вака.

Е, тоа е она што ВМРО-Народна сака да гонаправи. Сака оваа одредба да биде прецизна, да овозможиме на институциите во оваа држава да имаат јасни одредби врз основа на кои што ќе постапуваат. Имаме еден куп закони во кои може да се предвиди што е искористување, што е пречекорување, на крајто на краиштата кои дејствија прават злоупотреба на службена должност. И сега имаме. Во постојните закони. Разберете ги.

Видете го само Законот за даночна постапка. Колку таму има одредби што се кривични дела и тоа во рамките на ова дело. Значи, ништо ново не сме кажале освен што го поврзуваме, ова го даваме во еден закон што е лекс специјалист даваме логична поврзаност со другит епосебни закони.

Никакви аргументи. Дури, на сите им е јасно во оваа држава кога и самиот премиер признава сега нема, ама идната Влада во која што се надева дека ќе биде пак тој овој член ќе го смени и уште со неколку други, 8-9 измени во кривичното законодавство, но факт е дека и тој самиот признава, како премиер на Владата, дека овој член треба да трпи измена. Тоа е повеќе од јасно. Меѓутоа, да не биде по вкусот на ВМРО-Народна. Тоа е проблемот.

И, се додека така ги гледаме работите, за жал далеку нема да стигнеме. Е, после, прашајте се вие почитувани пратеници од СДСМ зошто паѓа рејтингот на господинот Бучковски зошто расте рејтингот на Црвенковски. Прашајте се како ќе поминете на избори, затоа што не знаете како гласате, еднаш за, еднаш против. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Јас ќе дадам еден краток пример, да се надоврзам на тоа што пред малку го зборував.

Верувајте, со ваквата формулација на кривичното дело, како што е постојното, на судиите многу полесно ќе им биде и на обвинителите многу полесно ќе им биде или им е во пракса веќе да најдат граница кога имаме обид за извршување на определено кривично дело, каде завршува обидот, а каде започува извршувањето на кривичното дело. За разлика од тоа во ова кривично дело, вака како што е предвидено, што јас барам да се промени со јасно прецизирање во посебни закони да се утврди каде е границата и на нив им е многу тешко, освен кога се со политички притисок, дека треба да обвинат определено лице за злоупотреба на службена положба и овластување, по ова кривично дело. Многу полесно им е да направат, како што реков, разлика помеѓу обид и започнување на извршување на кривично дело, отколку тука да најдат каде е границата на користење на службената положба, а каде започнува искористувањето на службената положба.

Искрено да ви кажам, со сето она што претходеше на донесувањето на овој Кривичниот законик во што беа вмешани и премиерот со неговите изјави и Владата, не го напаѓам само Министерството за правда како дел од Владата и Претседателот на државата, јас мислам дека за 2007 година да

сугерираме на Академијата за филмски уметности да им дадат оскари на луѓево за најдобра режија, најдобри глумци, најдобра сценографија, за се најдобро. А, најмногу тука треба да профитира господинот Претседател на државата Црвенковски кој сега, тоа што го кажа и Жарко, со ваквото негово мислење дадено по повод неговото непотпишување на указот за прогласување на измените на Кривичниот законик не успеа да ја сопре корупцијата откако е премиер, значи да не се навраќам на минатото, дури и овој период од 2002 година до сега, затоа што тој е единствениот виновник, кога ќе се вратам пред 1992 година кој успеа од корупцијата да направи, како што и самиот наведува во неговото мислење, да направи од високоризична и нископрофитабилна, тој успеа за сите овие години да ја направи нискоризична и високопрофитабилна. И сега ми глуми тука. Затоа велам дека треба да му се даде нграда за најдобар глумец и режисер. Глуми дека е многу иссекиран за корупцијата и затоа не го потпишува указот.

Зас барам од пратениците да си останат доследни на она што го гласаа претходниот пат за да имаме веќе конкретна основа да можеме да почнеме сериозно борба против корупцијата, но да не ги шиканираме службените лица непотребно, злоупотребувајки го ова кривично дело, со име злоупотреба на службената положба и овластување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот борј на присутни пратеници, а по утврдување на бројот, пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, гласале 58 пратеници, 7 за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе,

Јас ќе го искористам претресот по текстот на законот да го искажам ставот на Пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Ние, како пратеничка група, да нема забуна ќе гласаме за овој закон и покрај тоа што нашите амандмани или нашиот амандман на членот 353 не беше прифатен, иако не ми е јасно, но тоа е тоа, се заради една единствена причина затоа што со овој закон се заоструваат мерките на оние кривични дела што можат да придонесат односно што треба да казнат одредени поведенија на одредени учесници во изборите за одредени регуларности.

Со оглед дека сме, и како политичка партија, заинтересирани во Република Македонија да се спроведат фер и демократски парламентарни избори на 5 јули оваа година, а за што сметаме дека се потребни вакви измени на Кривичниот законик, со законување на поостри и поригорозни казни, ние законот ќе го подржиме, односно ќе гласаме за. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувцам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатира дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Бидејки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 137 седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам на присуството.

Според планот што е, барем сега, засега, ова ни е последно собирање во овој состав. Јас, на сите вас, еве и за себе, на сите да се заблагодарам за она што го направивме во овие 4 години, без разлика на надворешните перцепции, но сметам дека Собранието на Република Македонија си ја исполни својата главна задача во изминатиот четиригодишен период, а тоа е донесување на квалитетни закони.

На крајот на краиштата, затоа се парламентите, ако некогаш сме се расправале, сме дискутирале и отповеќе отколку што треба, но сепак главното е тоа дека главната задача што ни е дадена со Уставот на Република Македонија и со законите сме ја исполниле во овој четиригодишен период.

Ако уште еднаш не се видиме во ваков состав, се надевам дека ќе се гледаме и во иднина во секојдневниот живот, на сите да си посакаме здравје пред се и среќа, а истото тоа и за оние кои ќе бидат во наредниот четиригодишен мандат.

Уште еднаш ви благодарам на сите и се најдобро.

(Седницата со работа заврши во 12,35 часот).